МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 97-б ставови (4) и (11) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13 и 43/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ НА ШУМИ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ ВО ШУМАРСТВОТО

## Член 1

Во Правилникот за висината на надоместокот за добивање на лиценцата за извршување на стручни работи на шуми во приватна сопственост, формата и содржината на барањето за издавање на лиценцата, формата и содржината на образецот на лиценцата како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лиценци за вршење на стручни работи во шумарството („Службен весник на Република Македонија” бр. 102/13) Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-4173/2 Министер за земјоделство,

7 мај 2014 година шумарство и водостопанство,

Скопје Љупчо Димовски, с.р.

**ПРИЛОГ 1**

До: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**БАРАЊЕ**
**ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ НА ШУМИ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ**
**(за правно лице/за физичко лице)**

Назив на правното лице/Име и презиме на физичкото лице:

______________________________________________

Адреса (улица, број, град, општина):

______________________________________________

Име и презиме на управителот (за правно лице):

______________________________________________

ЕМБ/ЕМБГ:__________________ Шифра на дејност (за правно лице):______________

Контакт телефон: и е-адреса:

Го молам горенаведениот наслов да ми издаде лиценца за извршување на стручни работи на шуми во приватна сопственост ***за правно лице/за физичко лице (да се наведе соодветно со заокружување)*** .

Во прилог на барањето ги доставувам потребните документи ***(да се наведе соодветно со заокружување)***:

**А) за правно лице**

- документ дека е регистрирано во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија за изведување стручни работи од областа на шумарството;
- податоци за минималниот број на вработени со лиценца (*образец М1/М2*);
- документ за поседување на опрема потребна за изведување на стручни работи од областа за која се бара лиценцата и
- потврда за платен надоместок за барање на лиценца.

**Б) за физичко лице**

- потврда за работно искуство во областа на стопанисување со шумите (оригинал),
- копија од лична карта
- уверение за државјанство (оригинал)
- уверение за завршено соодветно образование (копија заверена на нотар) и
- потврда за платен надоместок за барањето за лиценца.

Согласно член 97 став (5) од Законот за шумите, за да можам самостојно да ја вршам оваа дејност доставувам:

- документ за регистрирација во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија за изведување стручни работи од областа на шумарството или Образец М1/М2 како доказ дека сум вработен во правно лице лиценцирано за извршување на стручни работи во шуми во приватна сопсвеност,
- шумски чекан за ознака за сеча и шумски чекан за жигосување на дрво и дрвни сортименти.

Датум: М.П.* Барател:

* За трговските друштва не е задолжителна употреба